ИНТЕРАКТИВНА РАБОТИЛНИЦА | СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

РЕВИЗИЈА ВО ПРАКСА

Од прифаќање на ангажманот до ревизорски извештај



Една фиктивна компанија.

Еден целосен ревизорски процес.

Одлуки како во вистинско ревизорско досие.

Работете со нови докази во текот на работилницата, преиспитувајте ги објаснувањата на раководството, поврзете ги ризиците со тврдењата, дизајнирајте ревизорски постапки, оценете ги наодите и утврдете го соодветното ревизорско мислење.

АГЕНДА

1 **Прифаќање и планирање**
МСР 200, 210, 220, 230, 300, 320

2 **Разбирање и проценка на ризик**
МСР 240, 250, 315

3 **Дизајнирање одговор**
МСР 330, 402

4 **Обезбедување докази**
МСР 500, 501, 505, 520, 530, 540

5 **Заклучок и известување**
МСР 450, 550, 560, 570, 580, 700, 800

ОБЛАСТИ

- Утврдување на материјалност и избор на соодветно и аргументирано мерило.
- Следење на трансакции и разбирање на процеси, контроли и ИТ ризици.
- Идентификување ризици од материјално погрешно прикажување, значајни ризици и ризици од измама на ниво на тврдење.
- Дизајнирање тестови на контроли и суштински постапки што директно одговараат на проценетиот ризик.
- Преиспитување на сметководствени проценки, претпоставки и контрадикторни ревизорски докази.
- Оценување на утврдени и проектирани погрешни прикажувања, континуитет и последователни настани.
- Одлука дали ревизорското мислење треба да биде немодифицирано или модифицирано.

ЦЕЛИ НА РАБОТИЛНИЦАТА

01	02	03	04
Поврзување на ризик со ревизорски одговор	**Најдобри практики за квалитетни работни документи**	**Посигурно професионално расудување**	**Квалитетно мислење засновано на соодветни докази**

ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА Искусни членови на ревизорски тимови кои водат теренска работа, ги насочуваат тимовите и прегледуваат клучни ревизорски области. Групите ќе бидат за најмногу 20 лица.

Рокот за пријавување е 4 декември 2026 година (петок), на следниот линк.

*Напомена. Работилницата ќе се одржи само доколку има доволен број на пријавени учесници.

ФОРМАТ	ПРЕДАВАЧ	ТЕРМИН
3 дена | 16 часа обука (16 КПУ часа)	Благица Шорева, овластен ревизор FCCA, CISA	14 и 15 декември 2026 (12-17 часот) 16 декември 2026 (11-17 часот)

Предавач



Благица Шорева е Соработник директор во Одделот за ревизија во КПМГ. Има учествувано во ревизиите на голем број клиенти од финансискиот, индустрискиот и комерцијалниот сектор во земјата и останатите земји од регионот. Како дел од своето професионално усовршување, Благица учествуваше во ревизијата на една од најголемите банки во светот и нејзините подружници во рамки на нејзиното двегодишно работење во КПМГ во САД.

Како резултат на менаџирањето на локални и меѓународни ангажмани, Благица има стекнато темелно разбирање на македонскиот пазар и неговото опкружување, како и на меѓународното и локалното законодавство, стандардите за известување, трендовите во индустријата и регулаторните очекувања. Покрај ревизорските ангажмани, Благица исто така има учествувано во Due diligence анализи за продажба на неколку банки во земјата и странство.

Благица е овластен предавач на Балканскиот кластер на КПМГ како и на земјите членки на КПМГ во Централна и Источна Европа за теми поврзани со ревизорските и сметководствените стандарди. Во рамки на својот ангажман како предавач, Благица учествува и во спроведување обуки на останати КПМГ предавачи, надворешни клиенти и членови на професионални асоцијации и институти.

Благица е овластен ревизор и овластен сметководител во Република Северна Македонија и член на глобалната мрежа АССА.